АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-242/5
03.11. 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 24/2019), а согласно Одлуката за изменување на Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2021 година бр.02-242/4 од 03.11.2021 година, Комисијата на Агенцијата за пошти Скопје, на ден 03.11.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ПЛАНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2021 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Планот за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2021 година.

### Член 2

Во Планот за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2021 година, донесен со Одлука бр. 02-29/3 од 21.01.2021 година, во глава II – Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, во редниот број 10 – во предметот на договорот за јавна набавка Набавка на услуги за рекламирање – веб банер кампања, во колоната проценета вредност без ДДВ износот: „194.915 денари“ се заменува со износот: „136.763 денари“.

### Член 3

Изменетиот план за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2021 година, во форма на пречистен текст е составен дел на оваа Одлука.

### Член 4

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата на Агенцијата за пошти го разгледа предлог Планот за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2021 година поднесен од директорот, со кој се врши изменување на Планот за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2021 година донесен на 21.01.2021 година и оцени дека новиот План по содржина и структура е во согласност со одредбите од Закон за јавни набавки, како и со одредбите од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, од Правилникот за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги и од другите прописи од оваа област.

Комисијата на Агенцијата за пошти оцени дека новиот План за јавни набавки е во согласност со изменетиот Финансиски план за 2021 година, донесен од страна на Комисијата на ден 03.11.2021 година со Одлука за измена на Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2021 година бр. 02-242/4 од 03.11.2021 година, со која на расходната ставка 40502 – Расходи за реклама, пропаганда се пренаменуваат средства во висина од 60.000 денари од расходната ставка 40501 – Издатоци за репрезентација поради реализацијата и исплатата на минатогодишната кампања во тековната година и со тоа недостатокот на планирани средства за реализација на веб-банер кампањата во тековната година.

Изменетиот План за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2021 година стапува на сила на денот на донесување на оваа одлука.

Бр. 02-242/5

Скопје, 03.11.2021 година

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

Комисија

Борче Груевски, претседател

# ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ ЗА 2021 ГОДИНА
## -ИЗМЕНЕТ-

| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност без ДДВ | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | | |
| 1 | Набавка на канцелариски материјали и тонери | 30192000-1<br>30125120-8 | стоки | Набавки од мала вредност | 84.746,00 | Февруари | Сукцесивна набавка |
| 2 | Набавка на канцелариски мебел | 39000000-2 | стоки | Набавки од мала вредност | 131.356,00 | Март | |
| 3 | Набавка на компјутерска опрема | 30200000-1 | стоки | Набавки од мала вредност | 171.428,00 | Март | |
| 4 | Набавка на гориво за моторни возила | 09100000-0 | стоки | Набавки од мала вредност | 122.034,00<br>2021 – 61.017,00<br>2022 – 61.017,00 | Февруари | Сукцесивна набавка<br>Договор за период од две години |
| 5 | Набавка на софтверски пакети и информатички системи | 48000000-8 | стоки | Набавки од мала вредност | 58.095,00 | Април | |
| 6 | Набавка на репрезентативен материјал - Печатени предмети и сродни производи | 22000000-0 | стоки | Набавки од мала вредност | 61.017,00 | Септември | Сукцесивна набавка |
| 7 | Набавка на стоки – кафе, вода, безалкохолни пијалаци и сродни производи | 15000000-8 | стоки | Набавки од мала вредност | 61.017,00 | Февруари | Сукцесивна набавка |
| 8 | Набавка на стоки бела техника и мали електрични апарати - | 39710000-2 | стоки | Набавки од мала вредност | 33.900,00 | Февруари | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Електрични машини, апарати, опрема и потрошен материјал; осветлување | | | | | | |
| 9 | Набавка на стоки - Прочистувачи на воздух и клима уреди | 42996700-1<br>39717200-3 | стоки | Набавки од мала вредност | 156.780,00 | Мај | |
| | **II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | | |
| 10 | Набавка на услуги за рекламирање - веб банер кампања | 79341000-6 | услуги | Набавки од мала вредност | 136.763,00 | Октомври | |
| 11 | Набавка на услуги – за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии | 90919200-4 | услуги | Набавки од мала вредност | 152.542,00 | Февруари | Сукцесивна набавка |
| 12 | Образовна услуга за стручно оспособување и усовршување на вработените во Агенција за пошти– Тим билдинг | 80000000-4 | услуги | Набавки од мала вредност | 101.695,00 | Август | |
| 13 | Набавка на услуги - Консултантски услуги за имплементација на систем за управување со квалитет согласно со стандардот ISO 9001:2015(МКС EN ISO 9001:2015) | 79000000-4 | услуги | Набавки од мала вредност | 61.017,00 | Март | |
| 14 | Набавка на консултантски (советодавни) услуги - проверка на методологија за посебно сметководство и | 79400000-8 | услуги | Набавки од мала вредност | 508.474,00 | Септември | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | алокација на трошоци | | | | | | |
| 15 | Набавки на услуги за дизајн и печатење | 79800000-2 | услуги | Набавки од мала вредност | 50.847,00 | Мај | Сукцесивна набавка |
| 16 | Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга | 79310000-0 | услуги | Набавки од мала вредност | 153.390,00 | Септември | |
| 17 | Услуги за привремени вработувања | 79620000-6 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 3.100.500,00<br>2021- 854.500,00<br>2022-1.418.500,00<br>2023 – 827.500,00 | Јуни | Сукцесивна набавка Договор за период од две години |
| 18 | Набавка на услуги за преведување | 79530000-8 | Услуги | Набавки од мала вредност | 306.780,00 | Февруари | Сукцесивна набавка |
| 19. | Набавка на хотелски и угостителски услуги - Хотелско сместување за вработените за време на тим билдинг | 55000000-0 | Услуги | Набавки од мала вредност | 101.695,00 | Август | |
| 20. | Набавка на услуги за осигурување | 66510000-8 | Услуги | Набавки од мала вредност | 120.000,00<br>2021-60.000,00<br>2022-60.000,00 | Мај | Сукцесивна набавка Договор за период од две години |
| 21. | Набавка на здравствени услуги Систематски преглед на вработените во Агенција за пошти | 85100000-0 | Услуги | Набавки од мала вредност | 61.000,00 | Април | |
| | **III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи** | | | | | | |
| 22. | Адаптација на деловен простор Градежни работи | 45000000-7 | работи | Набавки од мала вредност | 305.085,00 | Мај | |

**Одговорно лице**